ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**
Бр. 03 - 14 / 1
20.01.2025
СКОПЈЕ

**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

**ISSN 1857- 5323**

# Б И Л Т Е Н

# НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

**Бр. 120**

**Скопје, 20. 1. 2025 година**

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на истражувач во сите научни звања по група предмети од областа на менаџмент и бизнис и друго на УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој Скопје

**Стр. 11**
**РЕФЕРАТ**
за избор на истражувач во сите научни звања по група предмети од областа на маркетинг и друго на УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој Скопје

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА ИСТРАЖУВАЧ ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД НАУЧНА ОБЛАСТ МЕНАЏМЕНТ И БИЗНИС (5.02.00.03) И ДРУГО (5.02.00.09) НА УАКС ИНСТИТУТ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЛИДЕРСКИ РАЗВОЈ

Со Одлука бр. 02-19/3 од 13. 12. 2024 година на Научниот совет определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на истражувач во сите научни звања по група предмети од научна област менаџмент и бизнис (5.02.00.03) и друго (5.02.00.09) на УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој. На конкурсот за избор на истражувач во сите научни звања објавен на 27. 11. 2024 се пријави кандидатката д-р Вера Димитриевска.

По разгледување на целокупната документација, Комисијата оцени дека кандидатката д-р Вера Димитриевска, ги задоволува условите наведени во конкурсот. Рецензентската комисија во состав од: проф. д-р Ана Томовска Мисоска, проф. д-р Марјан Бојаџиев и вон. проф. д-р Димитринка Јорданова Пешевска го изготви следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на истражувач во сите научни звања во научната област менаџмент и бизнис и друго објавен во дневниот весник Нова Македонија на 27. 11. 2024 година се пријави кандидатката д-р Вера Димитриевска.

**Биографски податоци**

Вера Димитриевска е родена на 12.03.1975 година. Основното образование го завршува во ОУ ‘’Кирил и Методиј’’ Општина Гази Баба, Скопје во 1989 година. Средно училиште завршува во Гимназија ‘’Јосип Броз Тито’’ во Скопје во 1993 година и истата се запишува на Филозофскиот факултет на Универзитетот Кирил и Методиј во Скопје. Дипломира на отсекот за социјална работа и социјална политика во јуни 1998 година и почнува волентерска работа во Сојузот на организации за жени – СОЖМ, Скопје.

Во октомври 2003 година започнува постдипломски студии на Школата за јавно здравство на Медицинскиот факултет, при Универзитетот ‘’Кирил и Методиј’’ во Скопје. Студиите ги завршува на 03.06.2008 година со одбрана на магистерскиот труд *Јавно здравствените аспекти на исхраната и животните стилови кај старите лица во Република Македонија.*

Во октомври 2019 година запишува докторски студии од областа бизнис администрација при Универзитетот Американ Колеџ, Скопје (УАКС). На 24.04.2020 година, НС на УАКС, Скопје ја одобрува темата за докторска дисертација поднесена од комисијата во состав: проф. д-р Димитринка Јоранова Пешевска, д-р Миодрага Стефановска и проф.д-р Ана Томовска – Мисоска.

На 20.04.2023 година м-р Вера Димитриевска ја одбранува својата докторска дистертација под наслов "*Patient satisfaction in Hospital Healthcare settings: Perspectives in the Republic of North Macedonia"* со што се стекнува со научен степен доктор на науки од областа на бизнис администрација, согласно Уверение бр. 13-808/1 од 12.06.2023 година издадено од УАКС, Скопје.

**Работно искуство**

Од април 1999 година почнува волонтерска работа во СОЖМ, Скопје, каде од јануари 2000 годидна стапува во работен однос во Фондација Отворено Општество Македонија, Скопје како координатор на Програмата за Јавно Здравје се до јули 2008 година.

Од ноември 2008 година започнува како консултант во УНФПА и проект на Светска Банка при МТСП за изготување на Стратегија за социјална инклузија во делот за долготрајна нега во Република Македонија.

Од февруари 2010 година започнува да работи како регионален советник при канцеларијата на германската организација ГТЗ за социјални прашања во Србија, Косово, Македонија и Босна и Херцеговина.

Во април 2011 година добива стипендија при Еразмус програмата на ЕУ за докторски студии во Холандија при Универзитетот Гронинген на факултетот за демографија.

Од 2015 година до јуни 2016 година работи како регионален координатор при швајцарската организација Terres des Homes на справување со бегалската криза од Сирија на балканската рута.

Во мај 2017 година добива ангажман во Хаг при меѓународната организација CARE Nederland за Increasing Resillience.

Паралелно со овој ангажман, Димитревска добива консултантски услуги при WHO, Bonn за изработка за квалитативна анализа за климатски промени и здравје за 26 членки при ЕУ. Потоа, за WHO, Copenhagen работи на длабинска анализа за влијанието на КОВИД и здравствените аспекти кај ромската популација во Република Северна Македонија.

Од ноември 2021 годинi го започнува проектот при програмата Хоризонт 2020 финансиран од Европската Унија „B2-Inf" во ХеалтхСамит Групер, Скопје. Проектот вклучува 8 партнери од Западна Европа и Западен Балкан за да ги истражат знаењата, очекувањата и грижите на младите лица на возраст од 18 до 30 години и информациите обезбедени од медицински потпомогнато репродукција.

Во моментов работи како лидер на работен пакет бр. 5 при Хоризонт проект – *Policy Answers* во Фондот за иновации и технолошки развој, Скопје и проектен координатор на ИПА проектот – Зелени бизниси.

Од 2020 година е MC Член на неколку COST акции (CA 17118, CA 21123). Овие акции COST претставуваат интердисциплинарна истражувачка мрежа која ги зближува истражувачите и иноваторите за да истражуваат одредена тема по свој избор во период од 4 години. COST Акциите секогаш се составени од истражувачи од академската заедница, малите и средните претпријатија, јавните институции или слично.

Втората моментално активна COST акција (21123) се однесува на Превенција за

разбирање на ракот кај лицата со интелектуална попреченост (CUPID). CUPID воспоставува активни работни партнерства со академици, истражувачи, невладини организации, негуватели, лица со интелектуална попреченост и креатори на политики. CUPID ќе воспостави истражувачка агенда и ќе разменува информации во врска со превенцијата од рак кај популацијата со интелектуална попреченост.

**Области на истражување**

Здравствени политики и менаџмент, социјална политика и млади.

**Научно истражувачки публикации и учество на конференции**

***Публикации:***

**2024**: Vera Dimitrievska, Meloska Jana, Vialle Manon et al. **Exploring MAR perceptions in Kosovo – disparities in knowledge about MAR among young people,** *Open Research Europe.*

**2024:** Struyf J, Hens K, Rozée V et al. Gender aspects in parenthood conceptions of young Europeans. A critical reflection on the European Project B2-InF [version 1; peer review: 1 approved with reservations]. *Open Res Europe* https://doi.org/10.12688/openreseurope.18210.1

**2024:** Güell, et al. Recommendation guidelines for improving the information provided by fertility clinics through websites in eight European countries, *European Journal of Obstetrics and Gynecology and Reproductive Biology*, Volume 293, 68 – 69

**2022:** M López-Toribio, J Melovska, V Dimitrievska, A Dostálová, M Novotná, V Rozée, K Hens, S March, F Güell, JM Carrasco, Assisted Reproductive Technology: Gaps in young adults' perceptions and information from clinics, *European Journal of Public Health, Volume 32, Issue Supplement_3*, October 2022, ckac129.588, https://doi.org/10.1093/eurpub/ckac129.588

**2022:** M López Toribio, J.A Ramón-Soria, A.M García-Navas, A Dostálová, M Novotná, J Melovska, V Dimitrievska, V Rozée, K Hens, S March, M.M Albert, G Pastor, W Ombelet, F Guell, J.M Carrasco, O-201 B2-INF: Giving voice to citizens towards improving assisted reproduction technologies for society.Gaps between young people's perceptions and the information offered by ART providers, *Human Reproduction, Volume 37*, Issue Supplement_1, July 2022, deac105.115, https://doi.org/10.1093/humrep/deac105.115

**2021:** Dimitrievska, Vera, and Misoska, Ana Tomovska. (2021), Patients Characteristics as Determinants of Patient Satisfaction: Modelling Satisfaction in a Transitional Economy. In: *Journal of Health and Medical Sciences, Vol.*4, No.2, 116-129.

**2020**: Dimitrievska, V, Tomovska M, A., Factors connected to patients' satisfaction in the health care system in North Macedonia, Book of Abstracts of the Fifteenth Annual International Conference on European Integration - AICEI 2020.

http://www.aicei.uacs.edu.mk/assets/pdf/AICEI2020%20Book%20of%20abstracts.pdf

**2020:** Dimitrievska, V. Kendrovski.V, Qualitative analysis on EU climate change adaptation strategy in health sector, Book of Abstracts of the Fifteenth Annual International Conference on European Integration - AICEI 2020.

http://www.aicei.uacs.edu.mk/assets/pdf/AICEI2020%20Book%20of%20abstracts.pdf

**2020:** Dimitrievska, V., Kovacevski, D., Healthcare marketing perspectives and challenges:A review analysis of current concepts and factors, *Journal Political thought, Science and Research*, Vol. 59,2020

https://www.kas.de/documents/281657/281706/politichal+thought+59+webang+.pdf/c41b7d83-2b72-01af-0120-7c483f80249d?version=1.0&t=1589275179081

**2017:** Dimitrievska, V. Patients (women) here come when they have a problem'' A qualitative study of professionalism on abortion and contraceptive practices among health care professionals in Macedonia, *Nova Science Publishers*, Inc. USA, 2017

**2017:** Kokaleska, A., Dimitrievska, V Healthcare Professionals Regarding Accreditation and Quality, in the Pre-accreditation Period in R. Macedonia
http://asrjetsjournal.org/index.php/American_Scientific_Journal/article/view/1493/730

**2016:** Breastfeeding among Refugee Mothers on the Balkan Route

**2015**: Davies, Ph., Dimitrievska., V. Technical Report. Situation Analysis of Cancer Breast, Cervical and Prostate Cancer Screening in Macedonia.

**2011**: Janevic T., P. Sripad, E. Bradley, Dimitrievska, V.How do racism and discrimination affect access to prenatal and maternity care among Romani women in Eastern Europe? A conceptual framework using qualitative data. *Journal of Equity in Health,*
http://www.equityhealthj.com/content/10/1/53/abstract

**2010**: Dimitrievska, V.Community based-services in Macedonia: Practices and Experiences, Skopje, http://fzf.ukim.edu.mk

**2010**: Dimitrievska, V, Socio-Economic transformation and welfare system in Republic of Macedonia, Paper presented on the World Bank/UK DfID meeting on Poverty and Social Inclusion in the Western Balkans, in Brussels, December 14-15, 2010.

**2010:** Dimitrievska, V, `Model of Long Term Care`*: Social Policy Inventory in collaboration with Friedrich Ebert Stiftung*, 2010, Skopje. http://fzf.ukim.edu.mk/files/revija%205%20finalna.pdf

http://www.aids2008.org/abstract.aspx?elementId=200714724

**2008**: Dimitrievska, V ,"Nutrition and healthy lifestyles to elderly persons and chronic non-communicable diseases in Republic of Macedonia". Presented on Fifth European Congress on Nutrition and Health in Elderly people, 2008, Poland

http://www.springerlink.com/content/j7ghj6h258526u52/?p=7dcd9f433a7347d5b7e9f90a58ee0514&pi=0

**2007:** Kosevska, E, Karadzinska, J, Spasovski, M, Tozija, F, D.Gjorgejv, Kocubovski, M, Kendrovski, V, Cicevalieva, S, Dimitrievska, V ,Strategies for Health promotion in Macedonia: Health Promotion in SEE: Case Studies, PH SEE book, Issue3, 2007, Skopje

**Учество на позначајни конференции:**

May 2022, COST CA 18117, Malta, Preventive strategies against cancer in women's health

May 2020, UACS Conference, Climate Change and Health

April 2018, CCC, Budapest, Food basket data results in garment industry for floor wage campaign in Macedonia

July 2017, University of Gottingen, Germany, Data analysis in programing language-Python

September 2015, WBCInno2015 International conference, Novi Sad, Serbia. The role of qualitative research methods in the post-transition countries.

June 2012 EPC, Sweden, Session 54-01, Abortion and contraception behavior in Macedonia: Discourses and reasons

June 2013, World Bank Conference on Western Balkans, Montenegro. Session Gender. Family Planning and impact on labor to access, economic development and poverty

July, 2013, University of Groningen, the Netherlands, Experiences and Perceptions of health care professionals in Macedonia regarding contraception

December, 2010 Socio-Economic transformation and welfare system in Republic of Macedonia, Paper presented on the World Bank/UK DfID meeting on Poverty and Social Inclusion in the Western Balkans,in Brussels, December 14-15, 2010

October, 2011 Presentations to Master Students at the RUG, Netherlands, Social aspects of reproductive health in Balkan

March, 2015 Qualitative Methods, Master Students, University of Cyril and Methodius, Skopje.

**Вештини и знаење**

Странски јазици: англиски (одлично), француски, холандски, српски.

Возачка дозвола, работа со компјутер (MS Office – Word, Excel, Power Pointp,SPSS, Atlas.ti ) Internet.

Од означениот преглед на работа и биографијата произлегува дека кандидатката Вера Димитриевска подолго време се занимава со практична и научно-истражувачка активност во областа на менаџмент и бизнис и друго.

Имајќи го предвид горенаведеното, а согласно со позитивните прописи, му предлагаме на Советот УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој да ја избере кандидатката Вера Димитриевска во звање научен соработник во областа на менаџмент и бизнис и друго.

**Рецензентска комисија:**

проф. д-р Ана Томовска Мисоска, с.р.

проф. д-р Марјан Бојаџиев, с.р.

вон. проф. д-р Димитринка Јорданова Пешевска, с.р.

.

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА ИСТРАЖУВАЧ ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД НАУЧНА ОБЛАСТ МАРКЕТИНГ (5.02.00.05) И ДРУГО (5.02.00.09) НА УАКС ИНСТИТУТ ЗА ПРЕТПРИЕМНИШТВО И ЛИДЕРСКИ РАЗВОЈ

Со Одлука бр. 02-19/4 од 13. 12. 2024 година на Научниот совет определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на истражувач во сите научни звања по група предмети од научна област маркетинг (5.02.00.05) и друго (5.02.00.09) на УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој. На конкурсот за избор на истражувач во сите научни звања објавен на 27. 11. 2024 се пријави кандидатката д-р Надица Јовановска Бошковска.

По разгледување на целокупната документација, Комисијата оцени дека кандидатката д-р Надица Јовановска Бошковска, ги задоволува условите наведени во конкурсот. Рецензентската комисија во состав од: проф. д-р Снежана Христова, проф. д-р Илијана Петровска и проф. д-р Димитар Ковачевски го изготвија следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на истражувач во сите научни звања во научната област маркетинг и друго објавен во дневниот весник Нова Македонија на 27. 11. 2024 година се пријави кандидатката д-р Надица Јовановска Бошковска.

**Биографски податоци**

Надица Јовановска Бошковска е родена во Скопје на 07.12.1980 година. Основно училиште завршува во ОУ „Коле Неделковски“, во Скопје, Општина Центар со одличен успех. Средно училиште завршува во УСО „Орце Николов“ во Скопје во 1999 година, со одличен успех и истата година се запишува на Економскиот Факултет, при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. Дипломира на смер Економија, во јули 2023 година како студент кој завршил во рок од 3.5 години, за што добива пофалница од Деканот на факултетот.

По завршувањето на високото образование, веднаш се вработува во Македонски Телеком, во сектор маркетинг, на позиција аналитичар за истражување на пазарот.

Во Октомври 2004 година, добива стипендија од Италијанската амбасада за магистерски студии и заминува во Рим, Италија на Универзитетот Тор Вергата, Економски факултет, каде завршува магистерски студии по Европска економија и меѓународни финансии.

По враќањето во Скопје, се вработува како Раководител на сектор Маркетинг во Продукција Перспектива Доо – Панел Плус. Оттука, почнува соработка и со меѓународните организации и донатори како Светската банка УСАИД итн, па во 2007 година станува Проектен Директор на Проектот за Развој на Земјоделството и пристап кон ЕУ, финансиран од страна на Светската Банка. Паралелно на ова, таа од 2006 година е ангажирана како надворешен предавач на Универзитетот на Југоисточна Европа – Штул, каде предава: Маркетинг истражување, Однесување на потрошувачите и Развој на производ се до 2011 година, кога заминува на студиска и професионална надоградба во Соединетите Американски Држави како стипендист на американската амбасада на програмата Humphrey Fellowship Program. Во текот на нејзиниот престој во Соединетите Американски Држави, таа поминува една студиска и професионална

година на Cornell Универзитетот и 2 месеци работна пракса во Светската Банка во Вашингтон.

Во декември 2007 година, м-р Јовановска Бошковска запишува докторски студии од областа на маркетинг на Економскиот Факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје и во Септември 2013 година по враќањето од САД со одбрана на темата под наслов: Територијален маркетинг- стратешки елемент на развојот, под менторство на Проф. Д-р Олга Теменугова Градишка, се здобива со титулата доктор на науки.

По враќањето од САД, во 2013 година Јовановска Бошковска се вработува како директор за Македонија во швајцарската реосигурителна компанија ЕУРОПА РЕ каде со полно работно време сеуште работи. Во текот на годините, таа успешно напредува во своите работни обврски и моментално е на извршна позиција – Главен проектен директор, одговорна за глобалниот пазар.

Во 2017 година, Надица се вклучува во тимот на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, како надворешен предавач и соработник на Факултетот за деловна економија и организациски науки (ФДЕИОН), додека на 10.09.2019 година на седница УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој Скопје, д-р Јовановска Бошковска е избрана за научен соработник по група предмети од научна областа маркетинг.

**Работно искуство**

Д-р Надица Јовановска Бошковска, во текот на нејзината долгогодишна професионална кариера, се стекнала со обемно искуство во областа на маркетингот, управувањето со проекти, развојот на бизнисот и оперативното лидерство, главно во секторите маркетинг, телекомуникации, осигурување и земјоделство.

Од Јули 2003 година почнува со работа како Аналитичар за истражување на пазарот во А.Д. Македонски Телеком — дел од групацијата Deutsche Telekom каде во улога на аналитичар одговорна е за спроведување на истражувања на пазарот, на услугите во интернет сегментот. Особено значаен е нејзиниот придонес во развојот и имплементацијата на процес за управување со одлив на корисници за фиксните телефонски услуги, што резултираше со намалување на одливот на корисници од компанијата за 30%. Во ноември 2004 година ја напуша компанијата, бидејќи станува стипендист на Италијанската амбасада и заминува во Италија во Рим на магистерски студии.

По враќањето од Италија, се вработува како раководител во сектор маркетинг во Продукција перспектива – Панел плус outdoor advertising agency, каде што е одговорна за управување со маркетинг стратегијата на компанијата, координирње на промотивни активности и контрола на маркетинг буџетот.

Од септември 2006 година па се до 2011 година ангажирана е како надворешен соработник – предавач од страна на Универзитетот на Југоисточна Европа – Штул, каде предава Маркетинг истражување, Однесување на потрошувачите, Развој на производ и Меѓународна економија. Во текот на овој период, таа исто така преземала краткорочен ангажман како Координатор за логистика на земја во CARANA Corporation.

Од март 2007 година, д-р Јовановска Бошковска работеше како раководител на проектот во Единицата за имплементација на проекти за иницијатива финансирана од Светската банка при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во Скопје. Таа управуваше со целиот животен циклус на проектот, со вкупна вредност од 20 милиони американски долари, раководејќи со тим од четворица основни членови на проектот и надгледувајќи повеќе од 30 соработници. Нејзината улога опфаќаше планирање на проектот, набавки, финансиско управување и обезбедување навремена испорака, во координација со Владата на Северна Република Македонија и Светската банка. Успешно ги заврши сите активности во рамките на обемот, роковите и буџетот на проектот.

Во 2012 година, како стипендист на Американската Амбасада, заминува на едногодишен престој во САД, прво на Универзитетот Корнел, па на професионална надоградба во Светската Банка, во рамки на Hubert Humphrey Програмата.

По нејзиното враќање, а по препорака на Светската Банка, се вработува во швајцарската реосигуртелна компанија Еуропа РЕ како Директор за С. Македонија каде сеуште работи. Во текот на годините, таа успешно напредуваше од Директор за С. Македонија, потоа преземајќи ја и Србија како пазар, па назначена беше за ESG координатор на ниво на цела компанија, а во моментов е на извршна позиција – Главен проектен директор, одговорна за глобалниот пазар.

Таа е активен член на Ротари клуб Интернационал.

**Области на истражување**

Маркетинг, Осигурување (со осврт на: Финансирање на ризици од катастрофи)

**Научно истражувачки публикации и учество на конференции**

*Публикации објавени во последните 5 години:*

1. Jovanovska Boshkovska, N., Spasovska, S., Tomoska Misoska, A. and Petrovska, I., 2024. *Examining Consumer Attitudes Towards Online Shopping for Intimate Apparel in North Macedonia: A Study of Customer Expectations & Preferences.* Presented at the 8th International Scientific Conference - EMAN 2024, Economics and Management – How to Cope with Disrupted Times, Faculty of Economics, University of Rome Tor Vergata, Italy (hybrid), March 21, 2024. Available at: www.eman-conference.org

2. Jovanovska Boshkovska, N., Arsovski, N., Mileva, I. and Petrovska, I., 2024. *The rise of chatbots in customer service: An in-depth examination and consequences.* Presented at the 12th International Conference on Contemporary Marketing Issues (ICCMI) 2024, 10–12 July 2024, Crete, Greece.

3. Mileva, I., Pop-Kostova, N. and Boshkovska, N.J., 2023. Family Ties Shaping the Entrepreneurial Intentions. In *Entrepreneurship Development in the Balkans: Perspective from Diverse Contexts* (pp. 15-32). Emerald Publishing Limited.

4. Mileva, I., Jovanovska-Boshkovska, N., Konda, L.G. and Petrovska, I., 2023, September. SUSTAINABILITY: THE ULTIMATE LUXURY. In *Economic and Social Development (Book of Proceedings), 99th International Scientific Conference on Economic and Social Development* (p. 1).

5. Nevestic. A., Petrovska. I., Misoska. T. A., Boshkovska. J. N. (2022) ‘Effects of nudges: Evidence from Macedonian consumers’, *Contemporary Challenges of Economic Growth and Sustainability of Business, N. Macedonia, Skopje, 01 June.*

6. Petrovska. I., Boshkovska. J. N., Mileva. I., Matijevic. M. (2022) ‘Genders and age of factor of Croatian online consumers’ intentions and habits’, *7th Business and Entrepreneurial Economics, Croatia, Plitvice Lakes, 03-05* June.

7. Petrovska. I., Boshkovska. J. N., Mileva. I., Vuckovikj. M. (2022) ‘The rise of influencers: Marketing tool in time of pandemics’, *86th International Scientific Conference on Economic and Social Development, Portugal, Lisbon, 23-24 September.*

8. Boshkovska. J. N., Sekulovska, A. (2020) Risk transfer: A mechanism to make the Macedonian agricultural sector more resilient to climate change. *Climate change: Challenges and Building Resilience, N. Macedonia Skopje – 21.05.2020.*

Д-р Надица Јовановска Бошковска, во текот на нејзинат кариера има присуствувано на бројни национални и меѓународни конференции, стекнала сертификати и објавила над 20 статии во домашни и меѓународни списанија и зборници од конференции.

*Учество на позначајни конференции:*

1) **Second Global Conference on Business, Management and Marketing**, 12-13 December 2024, Dubai, UAE.
2) **12th International Conference on Contemporary Marketing Issues**, 10-12 July 2024, Heraklion, Crete, Greece.
3) **8th International Scientific Conference - EMAN 2024**, 21 March 2024, Faculty of Economics, University of Rome Tor Vergata, Italy.
4) **Regional Financial Risk Sharing in Southeast Europe**, 14th BHAAAS Days, Disaster Management and Risk Reduction, 2 June 2023, Tuzla, Bosnia and Herzegovina.
5) **International Scientific Conference - Contemporary Challenges of Economic Growth and Sustainability of Businesses**, Ss. Cyril and Methodius University – Institute of Economics, Skopje, 1 June 2022.

**Вештини и знаење**

- Странски јазици: македонски јазик (мајчин), англиски (одлично), српски (одлично), германски (добро), италијанкси (добро), руски (основно).
- Возачка дозвола, работа со компјутер (MS Office – Word, Excel, Power Point).

Од означениот преглед на работа и биографијата произлегува дека кандидатката д-р Надица Јовановска Бошковска подолго време се занимава со практична и научно-истражувачка активност во областа на маркетинг и друго.

Имајќи го предвид горенаведеното, а согласно со позитивните прописи, му предлагаме на Советот УАКС Институтот за претприемништво и лидерски развој да ја избере кандидатката Надица Јовановска Бошковска во звање *виш научен соработник* во областа на маркетинг и друго.

Рецензентска комисија:

проф. д-р Снежана Христова, с.р.

проф. д-р Илијана Петровска, с.р.

проф. д-р Димитар Ковачевски, с.р.

# BULLETIN

OF THE UNIVERSITY
AMERICAN COLLEGE
SKOPJE

ISSN 1857-5323